*Членка*

EUROPEAN BANKING & FINANCIAL SERVICES TRAINING ASSOCIATION Aisbl

Едногодишни специјалистички обуки акредитирани од Министерството за образование и наука на Р.М., Контролинг Школата - Љубљана и Retail Banking Academy® - LONDON

# CERTIFIED CREDIT ANALYST®

**Програма 2016 – 2017 година**

# CCA®



Вкупен фонд на часови: **192**
Времетраење: **1 година**
Почеток: **21 МАРТ** 2016

**I уписен рок**: од 19 јануари до 10 март 2016 година.

**II уписен рок**: од 18 до 30 април 2016 година.

Место: **АБИТ** (Ул. „Орце Николов" бр. 75 зграда на Македонска берза 1-ви кат)
Динамика на обуката: два пати (понеделник– среда 17:30 часот) неделно со почеток 21 март 2016.

# CERTIFIED CREDIT ANALYST®

## (CCA® Ниво 1, 2 и 3)

**CCA1** – Certified Credit Analyst, level 1 – (64 часа)

**CCA2** – Certified Credit Analyst, level 2– (64 часа)

**CCA3** – Certified Credit Analyst, level 3 – (64 часа)

## ЦЕЛИ НА УЧЕЊЕ

Основната цел на обуката за Сертифициран кредитен аналитичар е зајакнување на аналитичките способности и практични вештини на учесниците. Преку структуиран и систематски приод при анализа на компанијата и нејзиното окружување да се овозможи донесување на правилна оцена за кредитоспособноста, што е од особено значење за одржување на нивото на квалитетот на кредитното портфолио на банките и крајно за одржување на финансиската стабилност на банкарскиот систем во целина.
На крајот од обуката составена од три модули, учесниците треба да ги добијат следниве способности и вештини:

- Преку примена на структуиран и системски пристап за проценка на клиентот од корпоративниот сектор да ги опишат и поврзат факторите кои влијаат на неговата кредитната способност и способност да ги сервисира долговите во иднина;
- Да ги идентификуваат интерните постапки и процедури, како и регулаторните барања за добивање на правилна оценка на кредитите;
- Да направат избор на квалитативни и квантитативни алатки и да изработат длабинска анализа на финансиските извештаи на компаниите во насока на оцена на нивните перформанси;

- Да направат селектирање на резултатите од севкупна макро и микро анализа, деловната и конкурентска позиција на клиентот и да донесат одлука за кредитирање базирана на проценка на ризиците и способноста за плаќање;
- Да ги предвидат клучните фактори кои влијаат способноста/веројатност на клиентот да го враќа кредитот во иднина и да ја предвидат можноста од создавање на лоши пласмани;
- Да ги знаат техниките на структуирање на пласман, оценка на инвестиција, оценка на проектно финансирање и да ја сфатат потребата од документарното работење на банките;
- Да го разберат влијанието на одлуката на менаџментот за кредитирање врз квалитетот на кредитното портфолио на банките, трошокот за банката преку издвојување резервации и потребата од заштита на капиталот на акционерите.

## КРАТОК ОПИС НА ПРОГРАМАТА

Програмата за Сертифициран Кредитен Аналитичар претставува интегриранпристап на спојување на теорија, практични вештини и меѓународна пракса во насока на унапредување на компетенциите на учесниците во постапката на изработка на кредитна анализа и интерпретирање на резултатите.

Главните теми на програмата се: практиките, постапки и техники во банките поврзани со кредитниот процес; регулативата на Народна Банка на Република Македонија (НБРМ) и меѓународнатарегулатива; управувањето со ризиците и анализа на окружувањето, посебно макроекономското. Најзначајниот фокус е насочен кон финансиската анализа на компаниите, поради нејзината клучна улога при донесувањето на одлука за кредит и при мониторирање на клиентот.

Првиот модул дава вовед во улогата на кредитниот аналитичар, кредитниот процес и кредитниот ризик. Се овозможува солидно теоретско запознавање со постулатите на анализирање на финансиските извештаи и основните техники, што претставува база за продолжување со вториот модул. Основна анализа на квалитативните-меки критериуми и обезбедувањето како секундарен извор на отплата на пласманите. На крајот на првиот модул учесникот треба да знае самостојно да направи кредитна анализа.

Вториот модул има концепт на овозможување на рамка за систематска и севкупна анализа на кредитоспособноста на клиентот, преку top-down анализа на економскиот систем. Се започнува од макроекономија, економски политики,ризик earth наземја, па се оди кон анализа на дејноста, конкурентноста, компанијата и на крај на менаџментот. Преку примерите за пооделни дејности учесникот добива продлабочено знаење од финансиските извештаи и нивна практична примена.

Учесникот треба да ги совлада техниките на структуирање на кредит. На крај од вториот модул учесникот треба да знае самостојно да направи посложена и сеопфатна кредитна анализа и да структуира кредит.

Третиот модул има за цел да му овозможи на учесникот стекнување на специфични вештини за проценка на инвестиција, проект и за решавање на проблематични изложености. При донесување на одлуки за кредитирање учесникот треба да ја има во предвид и резервацијата, односно трошокот за банката. Во овој дел учесникот се запознава со користење на резултатите од кредитната анализа за креирање на интерен систем на рангирање кој е истовремено и помошна алатка за пресметка на резервациите. На крај од третиот модул учесникот треба да знае да: реши комплексен проблем при анализирање на клиент;да ги совлада специфичните техники на долгорочното и проектното финансирање и да го одбрани предметот пред кредитното тело.

## СТРАТЕГИИ НА ПРЕДАВАЊЕ И НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

Стратегиите на предавање се конципирани согласно со содржината на модулите и се насочени кон суштинско подигнување на примената на теоретските поставки и кон овозможување на практично знаење со висок квалитет. Примената на практичното знаење се зголемува низ трите модули, односно е наједноставна во првиот а најсложена во третиот. Сложеноста на теоретското знаење е на исто ниво во сите три модули со надградување и проширување на сознанијата низ модулите.

Севкупната рамка за кредитна анализа и аналитичките алатки ќе бидат опишани и демонстрирани преку широк избор на примери од секојдневието, студија на случаи и вежби. Студиите на случаи и вежбите/задачите ќе бидат извлечени од дејностите (трговија, градежништво, земјоделие и.т.н.) кои соодветно ја рефлектираат моменталната состојба во економијата. Клучните поенти од секоја тема ќе се извечат преку интерактивна настава. Учесниците ќе бидат охрабрени да се фокусираат кон донесување на сопствени судови и критички размислувања. Притоа, **предавањата се составени** од:

**Теоретски дел:** Вовед во темата, основи елементи и дефиниции, описи и поврзаности. Методот е базиран на презентации и студии на случаи;

**Вежби:** Вежбите се насочени кон практична примена на знаењето во различни конкретни случаи од секојдневното работење, при што предавачот активно учествува во унапредување на самостојноста на учесниците. Вклучена е индивидуална работа и работа во групи. Во вежбите е вклучена можност за групна изработка на студии на случај;

**Интеракција:** Предавачите иницираат разговор со учесниците во врска со стекнатото знаење со цел да се воочат нови аспекти и предизвици. Учесниците од своја страна исто така можат да поставуваат прашања и да иницираат раговор во текот на предавањата. Дозволено е сопствено истражување на учесниците за темата и дискусијата за тоа за време на часот;

**Тест:** На крајот од некои од предавањата се врши краток и функционален тест од темата.

**Испит:**

- Секој учесник при аплицирањето за програмата ќе потполни прашалник за самооценка на нивото на знаење поврзано со темите на нивото за кое се пријавува.
- По завршување на едно ниво, односно еден Модул, секој учесник е потребно да положи практичен испит, со цел стекнување на сертификатот за соодветното ниво кое го посетувал. Испитот се вреднува 70% од вкупните поени за сертификатот. Останатите 30% од вкупите поени на добивање на сертификатот се однесуваат на оценка на раководителот на програмата кој доставува оценка за учесникот по 3 основи: Присуство, Критично мислење и Ангажираност. Трите категории, носат поединечно по 10% од оценката. Раководителот е должен да ги сумира заклучоците од информациите доставени од страна на секој пооделен предавач на наставните сесии. Истиот само констатира и сумира информации за нивото на знаења стекнати од кандидатот на самите предавања, кои би им биле дополнителна информација на централната сертификациона комисија во носењето на одлуката за добивање на сертификат за соодветното ниво.
- Определен кандидат има право да се запише како слушател на II односно III ниво, а без притоа да има посетено предавања од Ниво I, само доколку го положи испитот од претходното ниво со над 90 поени и притоа добие оценка за задоволително искуство од Сертификационата комисија.
- Секој предавач има обврска да подготви најмалку 10 прашања и решенија за истите, поврзани со темата на сопственото предавање и да ги достави до раководителот на програмата најдоцна 10 работни дена по одржаното предавање. Предавачот има обврска во истиот временски рок да достави до раководителот на програмата и информации за учесникот по трите основи: Присуство, Критично мислење и Ангажираност.
- Секој кандидат има право на повторно полагање на испитот за определено ниво, најмногу до 3 пати.

# СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

**I уписен рок**: од 19 јануари до 10 март 2016 година.
**II уписен рок**: од 18 до 30 април 2016 година.

## CCA1 - Certified Credit Analyst ®, Level 1

### Наставна програма (64 часа)

1. **Улога на кредитната анализа и кредитниот аналитичар**
2. **Карактеристики на банкарскиот сектор и кредитниот процес**
3. **Управување со кредитниот ризик**
4. **Регулатива за управување со кредитниот ризик**
5. **Кредитна политика**
6. **Анализата на финансиските извештаи - вовед**
7. **Сметководствена постапка за евидентирање на трансакциите на компаниите**
8. **Биланс на состојба**
9. **Биланс на успех**
10. **Анализа на парични текови**
11. **Техники на анализа на финансиските извештаи**
12. **Квалитативни фактори како дел од кредитната анализа**
13. **Обезбедување- секундарен извор на отплата на кредитот**
14. **Вежби и работа во групи**

### 2016 Exam Schedule (распоред на испити)

| Испитна сесија 1 | Испитна сесија 2 | Испитна сесија 3 |
|---|---|---|
| | | |
| **23 и 30 јануари** | **16 и 30 април** | **03 - 17 септември** |

**I уписен рок**: од 18 до 30 април, 2016 година.
**II уписен рок**: од 01 до 15 септември, 2016 година.

## CCA2 - Certified Credit Analyst ®, Level 2

### Наставна програма (64 часа)

1. **Економски преглед**
2. **Макроекономски ризици ризик на зем**
3. **Анализа на дејноста и конкурентноста**
4. **Факторот менаџмент**
5. **Потреба од обртни средства и структуирање на кредит**
6. **Кредитирање на микро и мали фирми**
7. **Кредитирање на средни фирми**
8. **Кредитирање на преработувачката индустрија**
9. **Кредитирање на агроиндустрија**
10. **Кредитирање на трговија**
11. **Кредитирање на градежништво**
12. **Кредитирање на услуги**
13. **Мониторирање на кредитите и ранопредупредувачки индикатори за можност од ненаплата на кредитот**
14. **Вежби и работа во групи**

### 2016 Exam Schedule (распоред на испити)

| Испитна сесија 1 | Испитна сесија 2 | Испитна сесија 3 |
|---|---|---|
| | | |
| **23 и 30 јануари** | **16 и 30 април** | **03 - 17 септември** |

**I уписен рок**: од 01 до 15 септември, 2016 година.
**II уписен рок**: од 19 до 31 јануари 2016 година.

## CCA2 - Certified Credit Analyst ®, Level 3

### Наставна програма (64 часа)

1. **Комплексен проблем на финансиска анализа**
2. **Проспективна анализа**
3. **Оценка на инвестиција**
4. **Проектно финансирање и синдицирани заеми**
5. **Документарно и девизно работење-гаранции и акредитиви**
6. **Системите за интерно рангирање како алатка за управување со кредитниот ризик во банките**
7. **Разлика помеѓу трансакциски ризик и ризик на клиентот (бонитет)**
8. **Класификација на кредитните изложености и методи за пресметка на кредитните загуби**
9. **Финансиско влијание на одлуките на менаџерите на банките**
10. **Проблематични пласмани и наплата на проблематични пласмани**
11. **Регулаторен третман на нефункционални и реструктуирани побарувања**
12. **Видови кредитни производи, вештина на продажба и презентирање на кредитниот предлог пред органите на управување на банката**
13. **Вежби и работа во групи**

**Предавачи:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Д-р Маја Стевкова Штериева | Комерцијална Банка АД Скопје |
| 2. | Д-р Марија Сребренова Трендова | Комерцијална Банка АД Скопје |
| 3. | Д-р Никола Џамбазовски | Комерцијална Банка АД Скопје |
| 4. | Илија Мирчевски | Комерцијална Банка АД Скопје |
| 5. | Д-р Синиша Наумовски | АБИТ |
| 6. | М-р Александра Мирчовска | НЛБ Тутунскабанка АД Скопје |
| 7. | М-р Златко Несторовски | НЛБ Тутунскабанка АД Скопје |
| 8. | Михаела Атанасова Стоичоска | Стопанска банка АД Скопје |
| 9. | Експерт од НБРМ | НБРМ |

## ШКОЛАРИНА

**Напомана: полноправните членки на АБИТ плаќаат 50% партиципација.**

| exam fee 30€ | CRM1 | | CRM2 | | CRM3 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **390 €** | **24.063** | **480 €** | **29.616** | **480 €** | **29.616** |
| | невработени и студенти 20% | | невработени и студенти 20% | | невработени и студенти 20% | |
| | 312 € | 19.250 | 384 € | 23.693 | 384 € | 23.693 |

## Можности за кредитирање до 72 рати, за слушатели кои сами плаќаат за обуката

Потрошувачки кредити е најкористен начин за купување на рати кога клиентите немаат кредитна картичка. Со овој начин може да се плати било која обука во АБИТ. Основен услов за потрошувачки кредит од било која банка е да сте вработен и да земате редовен личен доход. Може да апллицирате за кредит преку било која банка, но најчесто се аплицира од банката од која земате плата. Како?

Едноставно:

1. Доаѓате во канцалариите на АБИТ, пополнуваме документи за 5 минути.
2. Самата банка ги презема документите и чекаме одобрување.
3. Штом банката ќе не контактира нас дека е одобрено, ние ве контактираме веднаш вас.
4. Исплаќањето на кредитот потоа е автоматско, банката ви задржува на личен доход.